РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1182/9
18-08-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21 – та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот заведен под број 09-1182/1 од 28.03.2025 година оформен против службеното лице ---------, вработено во Министерство за ------, СЕ ЗАПИРА.

По проверка на наводите од пријавата се утврди дека истите се потврдуваат, има прекршување на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на пријавеното лице но поради застареност на прекршокот ДКСК не може да поведе постапка за порамнување и исто така е настаната промена на фактичката состојба, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По пошта до Државната комисија за спречување на корупцијата од ---------- е препратена пријава од непознат подносител, доставена на нивната платфорама --- во која се содржани наводи за сомневање за можен судир на интереси за лицето -----, вработено во Министерството за ----- како државен советник, кој е член на Програмскиот совет ----, член на Управен одбор во ----Скопје и надворешен член на ----. Подносителот ---- бара да биде известена за текот на постапката и исходот од постапувањето на ДКСК.

По поднесената пријава е оформен предмет со број 15-10/1 од 11.03.2025 година во посебниот деловоник каде се заведуваат пријави од укажувачи.

Постапувајќи согласно членот 9 од Правилникот за заштитено надворешно пријавување во институциите од јавен сектор, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК по прием и заведување на пријавата во посебниот деловодник, изврши проценка на содржината на пријавата за да утврди дали истата претставува пријава од укажувач согласно Законот за заштита на укажувачите.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По извршената проценка на содржината на пријавата, утврдено е дека во пријавата не се содржани доволно податоци за подносителот на пријавата, поради што не постои можност да се утврди на која категорија лица припаѓа подносителот утврдени во членот 2 став 3 од Законот за заштита на укажувачи (ЗЗУ) поради што подносителот не може да се да добие статус на укажувач согласно Законот за заштита на укажувачите, (ЗЗУ).

Од тие причини овластеното лице за прием на пријави од укажувачи и предложи на со Заклучок од извршена проценка на содржината на приајвата со број 15-10/2 од 18.03.2025 година и предложи на ДКСК постапувањето по предметот оформен по пријавата заведен со борј 15-10/1 од 11.03.2025 година да продолжи согласно Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, во редовна постапка по предмети со наводи за сомневање за постоење на судир на интереси.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), ДКСК на состанок на колегиум одржан на ден 26.03.2025 година донесе заклучок: **Постапувањето по предметот оформен по пријавата заведен со борј 15-10/1 од 11.03.2025 година да продолжи согласно Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, во редовна постапка по предмети со наводи за сомневање за** постоење на судир на интереси, по што беше оформен предмет со бр. 09-1182/1 од 28.03.2025 година во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање.

Имено, во пријавата е наведено дека лицето ----- е вработено во Министерството за ---- како државен советник, кој исто така е член на Програмскиот совет на ----, член на Управниот одбор во ---- Скопје и надворешен член на ---.

Државната комисија за целосно да ја утврди фактичката состојба по конкретниот предмет се обрати до сите релевантни институции и прибираше документација по што го утврди следното:
Од страна на Советот на Град Скопје е доставен одговор со прилог Одлука за именување членови на Управниот одбор на ----- - Скопје со бр. 27-11899/5 од 29.12.2021 година со која е именувано лицето ----- за вршење на функцијата член на Управниот одбор на ---- – Скопје, односно лицето сеуште ја извршува наведената функција.

Понатаму, Собранието на РСМ достави одговор со прилог Одлука за именување на членови на Програмскиот совет на -----со бр.07-4684/1 од 15.12.2014 година со која е именувано лицето --------- за вршење на функцијата член на Програмскиот совет на ----.

Исто така, до Државната комисија е доставен допис од Кабинетот на ----- од каде известуваат дека лицето ------ не било ангажирано по ниту еден основ за потребите на Кабинетот на ------, односно лицето било ангажирано во период од 20.05.2024 година до 31.12.2024 година со Договор бр. 04-20/1 од 17.05.2024 година како надворешен соработник за давање на стручни мислења, совети, консултации и препораки за прашања поврзани со европските интеграции, ЕУ политики како и анализи и информации поврзано со тековните процеси во рамки на процесот на преговори со ЕУ, како и во рамките на институциите на ЕУ, за потребите на Претседателот. Според нив, неговата експертиза е во согласност со член 44 став 6 од ЗСКСИ.

По анализа на добиената документација и утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи дека од страна на службеното лице ---- е постапено спротивна на членот 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што бил именуван да ја извршува функцијата член на Програмскиот совет на ------, а подоцна именуван за вршење на функцијата член на Управниот одбор на ----- Скопје, со што сторил прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од истиот закон, но имајќи предвид дека од денот на сторување на прекршокот 29.12.2021 година се изминати повеќе од две години, а прекршочна постапка против сторителот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе, ниту да се води.

Имено, согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

ДКСК направи проверка во евиденцијата на Службен весник на РСМ и утврди дека Собранието на РСМ на седница одржана на 24.06.2025 година донесе Одлука за именување на членови на Програмскиот совет на МРТ со бр. 08-3609/1, по што вршењето на функцијата член на Програмскиот совет на МРТ од страна на лицето -------- е завршена, односно настаната е промена на фактичката состојба.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: З.Б. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk